Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), , на ден година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08 - 2750/7
04. 07. 2012 201 _ год.
ВЕЛЕС

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1 За планскиот документ Урбанистички план вон населено место за езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица, Општина Велес, плански период 2009 2019 година, кој го донесува Општина Велес потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2 Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план вон населено место за езеро Младост на локалитет КО Башино село и дел од КО Отовица, Општина Велес, плански период 2009 2019 година, се определуваат следните:Министерство за транспорт и врски,
Министерство за животна средина и просторно планирање, Министертвео за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП "Македонски шуми", ЈП Хидро систем "Лисиче" Општина Велес, Центар за развој на Вардарскиот плански регион.

1 За планскиот документ Урбанистички план вон населено место за езеро Младост на локалитет Башино Село и дел од КО Отавица, Општина Велес, плански период 2009 2019 година, за чија изработка е одговорено Општина Велес, а го донесува Советот на Општина Велес, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план вон населено место за езеро Младост на локалитет Башино Село и дел од КО Отавица, Општина Велес, плански период 2009 2019 година ќе има влијание врз животната средина.

2 Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Бидејќи планскиот документ претставува Урбанистички план вон населено место каде ќе се изврши пренамена на земјиште и во иднина се придвидува изградба на објекти за домување (резиденција, викенд куќи, вили), времено сместување (хотели, пансиони, преноќишта, кампови), спорт и рекреација (активности на спорт и забава на отворено, плажи) и мали комерцијални и деловни единици до крајбрежјето на Велешко Езеро, ќе бидат разгледани влијанијата од аспект на осетливите елементи на животната средина во и околу Велешко Езеро (вода, шума, почва, пејсаж, човеково здравје и отпад).

3 Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес на следната веб адреса/и: www.veles.gov.mk.

4 Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.

Место

Име и презиме

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС

Петров